ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:09-81/9

Дата: 04.10.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Охрид (во натамошниот текст Основен суд) на сметката за основниот буџет (631) за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2015 година не изразивме мислење, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2010 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Издаден е извештај од извршена ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме дека не се води дневник и известување за наплатениот паушал во сметководството на Основниот суд, не е воспоставена сметководствена евиденција на ненаплатени побарувања по основ на паушал, како и не се врши правилно евидентирање на искажаните приходи во Билансот на приходи и расходи.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби кои се однесуваат на:

- потребата од воспоставување комуникација помеѓу Основните судови, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи во врска со размената на податоци/информации за приливите од наплатените парични казни и податоци/информации за побарувањата по основ на паричните казни како идни приливи на Буџетот на Република Македонија,
- потреба од воспоставување на вонбилансна евиденција на ненаплатените побарувања по основ на паричните казни во деловните книги на основните судови, а во соработка со Судски буџетски совет,
- прифатените корекции во текот на ревизијата кои имаат влијание на финансиските извештаи.

Ревизијата истакнува постоење на системска слабост во делот на отсуство на пропис за утврдување на висината и начинот на определување на судскиот паушал во кривичните постапки. Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдената состојба.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 и 12 заедно со ревизија на усогласеност на Основен суд Охрид на сметката за основен буџет (631), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Основниот суд Охрид за 2010 година и изразено е мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Основен суд Охрид застапувано од:

- Милчо Клишески, претседател на Основен суд Охрид од 08.03.2012 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во точка 4.1.1., ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.05.2016 до 15.07.2016 година кај Основниот суд Охрид, на сметката на основниот буџет (631) за 2015 година, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2010 година, број 15-154/12 од 22.12.2011 година за Основен суд Охрид.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со претставници од Основниот суд Охрид - предмет на ревизија.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-81/5 од 25.08.2016 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Основниот суд во 2015 година има евидентирано и наплатено приходи по основ на судски паушал како дел од трошоците на кривичната и прекршочната постапка во износ од 1.763 илјади денари. Согласно член 273 од Судскиот деловник сметководството на судот треба да води евиденција на износите од наплатените паушали во дневник за приходи од наплатен паушал. За секоја уплата на паушалот, сметководството на судот ја известува судската писарница со доставување на Известување за наплатен паушал за секој предмет поодделно.

Од извршениот увид на евиденцијата и наплатата на судскиот паушал ревизијата утврди следниве состојби:

- дневникот за наплатен паушал во сметководството на Основниот судот се водел до месец јуни 2015, додека известувањето за наплатен паушал во 2015 година се изготвувал и доставувал до месец март од причина што работното место во втората половина на 2015 година не е пополнето;

- од страна на Судскиот буџетски совет донесено е Упатство за воедначување на сметководственото работење во единките корисници на судската власт во кое се дадени насоки за начинот на евидентирање на приходите на сметката на основниот буџет (631). Имено согласно упатството судски паушали треба да се евидентираат како неданочни приходи на контото 724132-Надомест на трошоци за судска и прекршочна постапка (паушал). Во Основниот суд наплатениот паушал во сметководствената евиденција се евидентира на контото 741 Трансфери од други нивоа на власт, иако уплатите се вршат на приходната шифра на сметката на Основниот суд 724132. Ваквата состојба не е во согласност со Правилникот за сметковниот план за буџетот и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план на буџетските корисници,
- сметководствената евиденција на приходите од судски паушал се базира на изводите од банка и дневникот за приходи за наплатен паушал. Во Основниот суд не е воспоставена сметководствена евиденција на ненаплатени побарувања по основ на паушал, иако за побарувањата се води евиденција на обрасци предвидени во Судскиот деловник. Ваквиот начин на евидентирање не е во согласност со член 6 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Упатството за воедначување на сметководственото работење во единките корисници на судската власт.

Наведените состојби влијаат врз:

- непостоење на целосни податоци за побарувањата по овој основ, недоволна информираност на судската писарница, а преку неа и на судијата за наплатениот паушал и преземање на понатамошни активности за нивна наплата согласно Судскиот деловник,
- неможност за следење на старосната структура и преземање мерки за нивна наплата, како и планирање на приходите за потребите на буџетот на Основниот суд,
- правилното искажување на побарувањата и приходите во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Одговорното лице на Основниот суд:

- да продолжи со започната пракса на водење на дневникот за наплатен паушал и изготвување и доставување на документот известување за наплатен паушал,
- да преземе активности за евиденција на приходите согласно насоките од Судски буџетски совет, како и воведување на целосна, точна и навремена сметководствена евиденција на ненаплатените побарувања

по основ на судски паушал.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење за финансиките извештаи, во точката 4.1. е невоспоставена сметководствена евиденција на ненаплатени побарувања по основ на паушал.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 4.1. ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Основниот суд Охрид кои се предмет на ревизија.

**Мислење  за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Основниот суд Охрид, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со извршената анализа на одредбите на законската и подзаконската регулатива со кои се уредува внатрешната организација на судовите, начинот на работењето, водењето на евиденции за предметите, како и извршувањето на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци, утврдивме одредени недоречености и слабости, поради кои основните судови наидуваат на практични проблеми во своето работење, посебно во делот на евидентирање на изречените и наплатените парични казни, а кои се однесуваат на:

- основните судови согласно член 272 од Судскиот деловник имаат обврска да водат евиденција на изречените и наплатени парични казни, глоби и истите е потребно да се заведуваат во контролникот за парични казни, глоби, трошоци на кривичната и прекршочната постапка и паушал. (Образец бр.100-109),
- согласно одредбите од Законот за извршување на санкции, постапката за наплата на парична казна по службена должност ја поведува судот што ја изрекол паричната казна во прв степен. Ако осуденото лице во определениот рок не ја плати паричната казна се пристапува кон присилна

наплата. Судијата за извршување на санкциите пред да пристапи кон присилна наплата, на осуденото лице му праќа опомена да ја плати паричната казна во рок кој не може да биде подолг од 15 дена од денот на приемот на опомената. Доколку осуденото лице во определениот рок не ја плати казната се пристапува кон присилна наплата согласно закон,

- уплатата на паричните казни (кои како јавни приходи се приход на Буџетот на Република Македонија) се врши на уплатни сметки во рамките на трезорската сметка односно директно на Буџет на Република Македонија, согласно Упатството за начинот на евидентирање, располагање и поврат на јавните приходи.

  Доколку лицето ја изврши уплатата, а за тоа не го извести Основниот суд, судот нема информација/евиденција дека истата е наплатена, поради што доставува до осуденото лице Опомена за плаќање на парична казна, а потоа пристапува кон присилна наплата согласно Законот за извршување на санкции, односно доставува Барање до Управата за јавни приходи за превземање мерки за извршување,
- побарувањата по основ на изречени парични казни кои претставуваат идни приливи на Централниот буџет, не се искажани во финансиските извештаи на Буџетот на Република Македонија. Исто така побарувањата по наведениот основ не се искажани ниту во финансиските извештаи на основните судови, од причина што истите се уплатуваат на сметката на Централниот буџет на Република Македонија.

Наведената состојба придонесува:

- Основните судови да немаат целосна евиденција за наплатените парични казни, кои се идни приливи во Буџетот на Република Македонија, а податоците за нивниот степен за наплата се од особено значење при изготвување на Буџетот на Република Македонија;
- поведување на постапки за присилна наплата во определен број случаи (за веќе наплатените казни) кои за краен ефект имаат зголемени трошоци на судовите кои не се предвидени во нивните буџети и
- дополнителните работи го одлагаат навременото постапување по други предмети.

Во насока на надминување на состојбата, ревизијата смета дека основните судовите во соработка со надлежните институции потребно е да преземат иницијатива за:

- потпишување на акт/меморандум за соработка помеѓу Основните судови, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи со кој ќе се утврди начинот на комуникација/размена на информации за наплатените приливи од изречени парични казни, побарувањата по основ на парични казни како идни приливи на Буџетот на Република Македонија, со цел навремени и целосни податоци при креирањето на Буџетот на Република

Македонија, како и контрола врз целосноста на прибирањето на приходите по овој основ,

- воспоставување на вонбилансна евиденција на ненаплатените побарувања по основ на парични казни во деловните книги на основните судови, а во соработка со Судски буџетски совет да се иницира дополна на упатството за начинот на сметководственото евидентирање,
- навремено и целосно доставување на искажаните податоците на ненаплатените побарувања до Министерство за финансии, кои како идни приливи во Буџетот на Република Македонија, ќе претставуваат основа за нивно искажување во финансискиот извештај Биланс на состојба на Буџетот на Република Македонија.

6.2. Во текот на ревизијата презентиран е Налог за книжење број ПС-3 од 13.07.2016 година со кој е извршена корекција на позицијата – Побарувања и Пасивни временски разграничувања за износ од 17 илјади денари, врз основа на фактурите за комунални услуги доставени од Основен суд до државниот орган со кој се користат заеднички простории во деловната зграда на судот.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 102 од Законот за кривична постапка висината на паушалот во судските предмети, како дел од трошоците во кривичната постапка, се утврдува во границите на износите утврдени со пропис и тоа во однос на траењето и сложеноста на постапката и општата состојба на лицето кое е должно да ја плати.

Согласно член 109 од Законот за кривична постапка, висината и начинот на определување на реално направените трошоци во кривичната постапка треба да ги пропише претседателот на Врховниот суд, по претходно прибавено мислење од јавниот обвинител на Република Македонија. Донесен е Правилник за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во кривичната постапка[1], согласно кој, покрај останатаите трошоци, за паушалот во член 27 е предвидено дека ....."*Паушалниот износ се утврдува во рамките на износите определени со пропис, со огледна траењето и сложеноста на постапката и имотната состојба на лицето кое е должно да го плати тој износ.*"...... До денот на ревизијата не е донесен пропис за утврдување на висината и начинот на определување на паушалот.

Во Основниот суд паушалот како воспоставена пракса го определува судијата имајќи го во предид траењето и сложеноста на постапката како и општата состојба на лицето кое е должно да ја плати.

[1]"Службен весник на Република Македонија " број 131/12

Ревизијата истакнува дека согласно член 122 од Законот за прекршоците[2], за утврдување на висината и начинот на определување на паушалот во прекршочна постапка, донесено е Упатство за утврдување на границите на износот на паушалот во прекршочната постапка[3].

[2] "Службен весник на Република Македонија " број 62/06, 69/06, 157/09 и 51/11
[3] „Службен весник на Република Македонија " број 32/07

**Основен суд Охрид**
**Сметка на основен буџет (631)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 година**

| Опис на позицијата | Образложение | 2015 | 2014<br>во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1 | 2 | - |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 2.713 | 1.010 |
| **Вкупно приходи** | | **2.715** | **1.010** |
| **Расходи** | **3.2.** | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.1.** | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1.1 | 2.693 | 1.002 |
| Субвенции и трансфери | | - | 8 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2.693** | **1.010** |
| **Вкупно расходи** | | **2.693** | **1.010** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **3.3.** | **22** | - |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **3.4.** | **22** | - |

**Основен суд Охрид**
**Сметка на основен буџет (631)**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | | во 000 денари |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | 2015 | 2014 |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 22 | 849 |
| Побарувања | 4.1.2. | 17 | - |
| **Вкупно тековни средства** | | **39** | **849** |
| **Вкупна актива** | | **39** | **849** |
| **Пасива** | **4.2.** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 39 | 849 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **39** | **849** |
| **Вкупна пасива** | | **39** | **849** |